**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 02-02-2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 614 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** од 15 до 21 јануари 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 2 февруари 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

– **Член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (најмалку 8 часа во текот на неделата инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокално и/или вокално инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, од која 50% забавна и 50% народна, при што е дозволено отстапување од 5% во однос на поделбата на емитувањето на забавната и народната инструментална, вокална и/или вокално - инструментална; и најмалку половина од обврската за музиката да се оствари во периодот од 7 до 19 часот);

- **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 4 декември 2017 година, за непочитување на член 92 ставови 4 и 6 од Законот, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-456 од 04.12.2017 година) на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

## 7. Констатации од надзорот:

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, емитуван од 15 до 21 јануари 2018 година, на државно ниво, е **констатирано дека субјектот на надзорот <u>не постапил по решението</u>** за изрекување мерка, односно и понатаму ги прекршува одредбите на член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со мониторингот е утврдено дека програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје:

- Не ја почитува законската обврска во текот на неделата да емитува најмалку 8 часа инструментална музика од македонски автори и/или вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик. Во анализираната недела емитуваше 7 часа 31 минута и 39 секунди музика;
- Не ја почитува обврската за процентуална распределба на емитуваната музика – 50% од музиката да биде забавна, а 50% народна музика. Народната музика беше застапена со 4 часа 43 минути и 54 секунди, а забавната музика со 2 часа 47 минути и 45 секунди;
- Исто така, не ги почитува одредбите од став 6 на член 92, најмалку половина од обврската за музика, да ја оствари во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во неделата кога е извршен надзорот, во овој период, емитуваше музика во вкупно времетраење од 2 часа 55 минути и 12 секунди, од кои 1 час 6 минути и 8 секунди народна музика и 1 час 49 минути и 4 секунди забавна музика.

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, во неделата од 15 до 21 јануари 2018 година, не ја почитуваше законската обврска за емитување најмалку 8 часа во текот на неделата инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокално и/или вокално инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, а и не обезбеди процентуална распределба на емитуваната музика - 50% да биде народна и 50% забавна. Исто така, во периодот од 07:00 до 19:00 часот, не емитуваше најмалку половина од законскиот минимум музика, ниту пак обезбеди соодветна процентуална застапеност на народната и забавната музика во овој период.

## 9. Предлог мерка:

И покрај решението за изрекување мерка опомена донесено на 4 декември 2017 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје не ја отстранил повредата, односно продолжил со вршење на истата повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Имајќи предвид дека мерката опомена е изречена во 2017 година, а следната мерка, барање за поведување прекршочна постапка се поднесува за вршење на истата повреда за која е опоменет радиодифузерот во текот на годината:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје и согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот, постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***